ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0203-183/02
26.05 2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ), Надзорниот одбор на ИОРРМ, на седницата одржана на 26.05.2017 година усвои:

# Извештај на Надзорниот одбор на ИОРРМ

## кон извештајот за работењето на ИОРРМ, годишната сметка за 2016 година и извештајот на друштвото за ревизија 'РСМ Македонија' дооел Скопје

**<u>Извештај за работењето на ИОРРМ за 2016 година и годишна сметка за 2016 година</u>**

Извештајот за работењето на ИОРРМ Скопје за 2016 година вклучува информации за условите во кои истиот ја остваруваше својата активност. Го презентира работењето на ИОРРМ во 2016 година и остварените резултати. Во Извештајот се опфатени активностите на телата на ИОРРМ во текот на извештајниот период, а посебно во врска со следните активности:

- спроведување на континуираното професионално усовршување,
- спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор,
- спроведување на проверки за контрола на квалитетот на ревизорските услуги.

На Надзорниот одбор му беа презентирани годишата сметка за 2016 година, заклучниот лист, одредени акти и документи, за кои ценеше дека се значајни за давање на оценка за работењето на ИОРРМ.

Надзорниот одбор го разгледа изготвениот извештај за работењето на Институтот, дискутираше за сите отворени прашања со стручната служба и го заседе следниот став:

- Извештајот дава информации за активностите на ИОРРМ во текот на извештајната година и содржи финансиски информации за приходи и расходи по активности споредени со годишниот план донесен од страна на Собранието на ИОРРМ, споредбена финансиска анализа на планирани и реализирани активности, и споредбена анализа на реализирани приходи и расходи за претходна и тековна година.

**<u>Извештај на независниот ревизор за 2016 година</u>**

Надзорниот одбор го разгледа извештајот на независниот ревизор и го прифати мислењето на друштвото за ревизија 'РСМ Македонија' дооел Скопје, според кое финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на ИОРРМ заклучно со 31 декември 2016 година, како и неговата финансиска успешност за годината која завршува на тој датум, во согласност со законската регулатива која што се применува во Република Македонија.

**<u>Надзорен одбор на ИОРРМ:</u>**

**Кристина Тилиќ**

**Јорданчо Којзаклиев**

**Стамен Стојаноски**

**Верица Хаџи Василева - Марковска**

**Марјан Андонов**